ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
31 октомври 2014
Неделен Билтен

Потпишан меморандум за соработка помеѓу Општина Крива Паланка, Фондацијата „BEDD'' и „Македонија -ЕГЕ“

Среда, 29 Октомври 2014

На 28.10.2014 во малата сала при општина Крива Паланка градоначалникот г.Арсенчо Алексовски потпиша меморандум за соработка со г.Кемал Демирел претседател на Фондацијата за лица со посебни потреби Bendesel Engellierte Dayansma Demegi (BEDD) од Република Турција и со Македонско-турското здружение „Македонија-ЕГЕ“ застапувано од претседателката Нина Пандурска.

На настанот беше присутен и амбасадорот на РМ во Р.Турција, г Горан Тасковски.
Од страна на здружението од Република Турција, Bendesel Engellierte Dayansma Demegi (BEDD), во рамки на овој настан, на Бранкица Димитровска и беше доделено ортопедско помагало (количка), направена специјално за неа со претходно земени димензии.
Бранкица Димитровска му додели благодарница на градоначалникот г.Арсенчо Алексовски за поддршка на активностите на НВО Хендикеп Плус.

Поставени нови лежечки полицајци

Четврток, 30 Октомври 2014

Општина Крива Паланка во текот на изминатите денови постави две нови вештачки препреки за принудно намалување на брзината т.н „лежечки полицајци“ на две локации на улицата „Св.Јоаким Осоговски“ и тоа пред основните училиште „Јоаким Крчовски“ - централно училиште и Партизан.
Градбите се поставено согласно сообраќајниот елаборат за вертикална и хоризонтална сигнализација на територијата на Општина Крива Паланка и со нивната изградба се очекува да се зголеми безбедност во сообраќајот во градот.
Изведувач на градежните работи е градежната фирма „Лабино-Трејд“ од Гостивар.

Припрема за асфалтирање на улицата „Моша Пијаде“

Петок, 31 октомври 2014

Општина Крива Паланка започна со припремни градежни активности за асфалтирање на дел од улицата „Моша Пијаде“. Во текот на денешниот ден се започна со подготување на земјаниот слој, отстранување на вишокот материјал, нивелирање на тлото како и вградување на тампонски слој.
Се очекува делот од улицата да биде асфалтиран во текот на наредната недела согласно предвидената динамика и временските услови. Градежните работи продолжуваат и во текот на викендот на различни локациии во градот.
Изведувач на градежните работи е градежната фирма „Лабино-Трејд“ од Гостивар.



Асфалтирање на општинскиот двор

Четврток, 16 октомври 2014

Општина Крива Паланка започна со градежни активности за асфалтирање на општинскиот двор кој е во склоп на општинската зграда. Во текот на вчерашниот ден беа вградени околу 350 м2. Со градежните активности ќе се продолжи и во наредните денови на различни локации во градот согласно предвидената динамика и временските прилики.Изведувач на градежните работи е градежната фирма „Лабино –Трејд“ од Гостивар.

Градежни активности на улицата Никола Тесла

Понеделник, 20 октомври 2014

Општина Крива Паланка започна со градежни активности за асфалтирање на оштетените асфалтни површини на улицата Никола Тесла. Се очекува да бидат заменети и вградени околу 350 м2 нов асфалт. Улицата на влезниот дел е проширена за околу 1.5 метар со што е подобрено движењето на возила и лица. Градежните активности продолжуваат согласно предвидената динамика и временските услови.



Изведувач на градежните работи е градежната фирма „Лабино-Трејд“ од Гостивар.

Санирaн дел од улицата „Јане Сандански“

Четврток, 30 Октомври 2014

Општина Крива Паланка изврши санација на дел од улицата „Јане Сандански“ поточно од влезот на старите градски гробишта па се до мостот на поројот „Нимулија“. Стариот асфалт беше заменет со целосно нов слој и истовремено беше извршена нивелација на улицата за одводнување на површинската вода во атмосферска решетка.

Општина Крива Паланка продолжува со градежните активност и во наредниот период согласно предвидената динамика и временските услови.

Општина Крива Паланка

Ул.„Св.Јоаким Осоговски“ 175

opkp@krivapalanka.gov.mk

www.krivapalanka.gov.mk